РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 10-8315/1
28-12-2020 20___ год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# Упатство за трошење на буџетот од Грантот за развој на социјални услуги.

За реализација на грантот, давателот на услуга отвара и одржува наменска сметка во банка во која се евидентираат сите трансфери на средства поврзани со овој грант. Оваа сметка се користи само за целите на овој грант и се доставува до МТСП/ЕУП.

## 1. Средства за воспоставување на социјалната услуга

Средствата за воспоставување на социјалната услуга се исплаќаат во две транши (авансно плаќање и редовно плаќање).

Давателот на услугата/провајдерот во рок од 15 дена по потпишувањето на Договорот за грант и по отворање на специјална наменска сметка за средствата од грантот доставува Барање за исплата на првиот дел од средствата до МТСП/Единица за управување со проектот (Авансно плаќање) . По префрлувањето на средствата давателот на услугата започнува со адаптацијата на просторот и/или набавката на опремата согласно одобрениот Буџет кој е составен дел од договорот .

Сите набавки мора да се спроведат со обезбедување на **минимум три понуди** освен за специфични набавки каде на пазарот нема повеќе добавувачи.

Стручните служби на општината ќе бидат надлежни да ги контролираат сите набавките кои ќе ги спроведува Давателот на услугата во фазата на воспоставувањето на услугата.

**Набавката на компјутерска опрема, транспортни средства, мебел и специјална опрема покрај општината ги контролира и МТСП/ЕУП.** По одобрување на набавката од страна на општината сите документи поврзани со набавката и одобрувањето од општината треба да бидат доставени до МТСП/ЕУП на одобрување. МТСП/ЕУП има право да не ја одобри набавката и да побара нови понуди за соодветната набавка. По добивање на одобрување од МТСП/ЕУП добавувачот може да ја спроведе набавката.

За сите други набавки давателот на услугата мора да се придржува до трошоците и цените кои се дадени со буџетот кој е составен дел на Договорот и истите треба да бидат контролирани од Општината.

МТСП / ЕУП го задржува правото во било која фаза од набавките и/или после нивно реализирање за кои не дава одобрение, дополнително да изврши надзор и контрола и понатаму да даде насоки за постапување и отстранување на недостатоците. Забелешките мора да бидат дадени во писмена форма и истите се обврзувачки за давателот на услугата.

Вториот дел од грантот за воспоставување се исплаќа во рок од 15 дена од поднесување на фактури/сметкопотврди за трошоците направени со средствата од првата исплата од 50% .

Давателот на услугата мора да ја воспостави услугата во рок од 5 месеци по добивање на првата рата од средствата на грантот.

2. **Средства за испорака на социјалната услуга:**

Испораката на услугата ќе се финансира во период од 12 месеци по воспоставувањето на услугата и добивање на дозвола за работа од МТСП, а согласно Одлуката за цени на социјалните услуги. Како корисници на услугата кои ќе се финансираат од средствата на Грантот се сметаат корисници/лица кои имаат решение за обезбедување на услугата издадено од месно надлежниот ЦСР.

Исплатата ќе се врши врз основа на доставен извештај и фактура одобрен од Центарот за социјална работа и други трошоци во овој дел нема да се покриваат од страна на МТСП/ЕУП.

Оправдани трошоци за финансирање со средствата од грантот се трошоците утврдени во: *Методологијата на трошоци за воспоставување на предложената услуга* и *Правилникот за нормативи и стандарди за давање на социјални услуги*.

Трошоците кои се однесуваат за стекнување на земјиште, принудно национализаирање на земјиште, набавка на користена или половна опрема и мебел не се оправдани трошоци за финансирање со средствата на Грантот.

Министер
Јагода Шахпаска

Подготвил:
Наташа Тасевска –Стојановска
Оливера Крстеска

Контролирал:
Душан Томшиќ

Согласен:
Елизабета Куновска